Учествуваат ли граѓаните и граѓанските организации во процесите на подготовка на законите? МЦМС ги објави **резултатите од следењето на консултациите со јавноста** за законите објавени на Единствениот национален електронски регистер (ЕНЕР) за јануари 2018 година. Според извештајот, во текот на јануари, на седница на Владата биле утврдени **пет предлог-закони** и тие биле **објавени на ЕНЕР**. За сите нив е **испочитуван минималниот рок за консултации**. Но, иако се веќе утврдени на седница на Влада кај **ниту еден од нив не е објавен конечниот текст** на предлог-законот, што значи, сите се уште имаат статус „Отворен“.



Законите кои беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста се: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за **заштита на укажувачи** и Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за **Народниот правобранител** предложени од Министерството за правда, Законот за **лековите** и **медицинските средства** предложен од Министерството за здравство, Закон за изменување и дополнување на Законот за **учебници за основно и средно образование** предложен од Министерството за образование и наука и Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за **поддршка на домашната музичка продукција** предложен од Министерството за култура.

Овие активности, познати под името „**Огледало на Владата**“, МЦМС ги започна во 2012 г., а по пауза од речиси една и пол година, повторно почна да ги подготвува месечните извештаи во ноември 2017 година. Консултациите на ЕНЕР треба да придонесат кон зголемено учество на граѓаните во тие процеси, а преку следењето, МЦМС го оценува вклучување на граѓанските организации и јавноста во раната фаза на подготовка на закони.

Резултатите од следењето на ЕНЕР ќе бидат објавувани во **неделни и месечни прегледи**.

Со објавите на социјалните медиуми прегледите ќе послужат за **информирање на јавноста** за предлог законите кои ги подготвува Владата и ресорните министерства.

Месечните прегледи пак имаат за цел **да укажат на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа** (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР. Во месечните прегледи ќе биде вклучен и осврт на еден предлог закон кој сметаме дека се од значење за секојдневното работење на граѓански организации.

Месечни прегледи за ноември и декември 2017 година и месечниот преглед за јануари 2018 г. се достапни на веб страната на Огледало на Владата **http://www.ogledalonavladata.mk**/.